**БРАВУРА КООПЕРАТИВА О**

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ, ВОЛОНТЕРИ И АКТИВИСТИ НА ХЗ „БРАВУРА КООПЕРАТИВА“- ДЕЛЧЕВО

***ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ХЗ БРАВУРА КООПЕРАТИВА –ДЕЛЧЕВО*** *е изготвен со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанското општество за поврзан Западен Балкан, кој е имплементиран од Centar za promociji civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.*

*Содржината на* ***ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ХЗ БРАВУРА КООПЕРАТИВА –ДЕЛЧЕВО*** *> е единствена одговорност на <* ***НА ХЗ БРАВУРА КООПЕРАТИВА*** *и не мора да ги одразува ставовите на Centar za promociji civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Институтот за демократија и медијација и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.*

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

## НА ЧЛЕНОВИ, ВОЛОНТЕРИ И АКТИВИСТИ

# НА

# ХЗ „БРАВУРА КООПЕРАТИВА“ОД ДЕЛЧЕВО

**Заради обезбедување на чесно, транспарентно и одговорно работење на членовите на ХЗ „Бравура Кооператива“ (Бравура Кооператива) Делчево, во согласност со Статутот на „Бравура Кооператива“ Собранието на „Бравура Кооператива“ Делчево го донесе следниов:**

# <u>ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ, ВОЛОНТЕРИ И АКТИВИСТИ НА ХЗ „БРАВУРА КООПЕРАТИВА“ - ДЕЛЧЕВО</u>

**Општи одредби**:

**Член 1**

Со овој кодекс се утврдува начинот на однесување на членовите, волонтерите и активистите на „Бравура Кооператива“од Делчево.
Целта на овој етички кодекс е да се воведат правила на однесување на членовите, волонтерите и активистите на „Бравура Кооператива“,со цел воспоставување на чесно, транспарентно и одговорно работење на здружението.

**<u>Права и должности:</u>**

**Член 2**

Сите членови, волонтери и активистина„Бравура Кооператива“ се должни да ги почитуваат законски одредби од Законот за здруженија и фондации и одлуките на Собранието, Управниот одбор. Стручно, совесно и одговорно да ги извршуваат своите функции и работни задачи.

**Член 3**

Членовите, волонтери и активиститена„Бравура Кооператива“ се должни да изградат и одржуваат доверба во односите со целните групи и општеството преку доставување на коректна информација. Сите членови, волонтери и активистите на „Бравура Кооператива“ должни се да се придржуваат конп ринципот на чесност и објективност во комуницирањето.

**Член 4**

Членовите, волонтерите и активиститена„Бравура Кооператива“ се должни да избегнуваат дејствувања иситуации кои би можеле да предизвикаат конфликт на интереси. Да избегнуваат секаков судир помеѓу приватните интереси и должностите што ги извршуваат во организацијата. Да избегнуваат употреба на нивниот статус или влијание за задоволување на сопствените материјални интереси или за интересите на членовите на нивните семејства.

**Член 5**

Членовите, волонтери и активиститена„Бравура Кооператива“ при извршувањето на своите функции и работни задачи, не смеат да застапуваат интереси на политичката партија или верска институција.

**Член 6**

Членовите, волонтери и активиститена„Бравура Кооператива“ се должни да избегнуваат секаков вид на етички некоректно однесување, кое покрај другото, вклучува барање или примањена лични подароци или услуги од организации или граѓани кои имаат потреба да добијат или задржат стекната услуга.

**Член 7**

Членовите, волонтери и активиститена „Бравура Кооператива“ се должни да има одговорен однос кон средствата и условите со кои ја реализирааат својата вредност;

**Член 8**

Членовите, волонтерите и активиститена„Бравура Кооператива“ несмеат да прават дискриминација во однос на раса, пол, национално и социјално потекло, политичко и верскоу верување, имот на и општествена положба;

**Член 9**

Членовите, волонтерите и активиститена„Бравура Кооператива“ се должни да го почитуваат својот колега врз основа на искреност и отвореност, со што се обезбедува услови за креативност и конструктивност.

Меѓусебната соработка се темели врз взаемно договарање, разменување на искуства, одлучување и совесно и ефикасно извршување на договорените задачи;

**Член 10**

Членовите, волонтерите и активистите на „Бравура Кооператива“ должни се активно да учествуваат во сите планирани програмски задачи на органите и телатана„Бравура Кооператива“;

**Член 11**

Членовите, волонтерите и активистите на „Бравура Кооператива“ не смеат да работат на штета на организацијата, ниту да превземаат активности кои го загрозуваат интересот на„Бравура Кооператива “.

**Член 12**

**Одговорност**

Членовите на органите на организацијата одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон организацијата, за злоупотреба н асредствата на организацијата, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на организацијата како правно лице.

**Член 13**

**Одговорност за штета**

Членовите, волонтерите и активистите на„Бравура Кооператива", се солидарно одговорни за штетата причинета на организцијата, а предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана од грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

Барањето за надомест на штета поднесува Собранието на „Бравура Кооператива".

**Завршни одредби**

**Член 14**

За непочитување кон кодексот, одговорен е прекршителот лично.

**Член 15**

Ќе биде санкционирано било какво непочитување на правилата на Етичкиот кодекс, непочитување кон одредбите на актите на„Бравура Кооператива", како и незаконско делување спротивно на основната цел и мисијата на „Бравура Кооператива". Одлуката за видот на санкцијата ја донесува Советот на „Бравура Кооператива".

**Член16**

Етичкиот кодексна„Бравура Кооператива" стапува на сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Собрание
на„Бравура Кооператива"Делчево

________________________